# Правила за наградната игра ”Награди за штедлив дом”

EVN

## ЧЛЕН 1: НАЗИВ И СЕДИШТЕ НА ТРГОВСКОТО ДРУШТВО

- Организатор на наградната игра ”Награди за штедлив дом” е Публицис ДОО Скопје, со седиште на улица Франклин Рузвелт 37/3, 1000 Скопје (во понатамошниот текст Организатор).

## ЧЛЕН 2: УСЛУГИ И ПРОИЗВОДИ ЗАРАДИ ЧИЕ РЕКЛАМИРАЊЕ СЕ ПРИРЕДУВА НАГРАДНАТА ИГРА

- Цел на наградната игра организирана од Публицис ДОО Скопје, во својство на агенција на ЕВН Македонија АД Скопје, е рекламирање на услугите кои ги нуди ЕВН Македонија АД Скопје – дистрибуција на електрична енергија.

## ЧЛЕН 3: ИМЕ, ОПИС И ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА НАГРАДНАТА ИГРА

- Официјалното име на наградната игра е ”Награди за штедлив дом”
- ”Награди за штедлив дом” е наградна игра организирана за да ги награди своите корисници, во која квалификуваните корисници избрани по случаен избор имаат можност да добијат вредносен ваучер од 100.000 или 30.000 денари од Нептун Македонија (наменет за купување на апарати за домаќинство), или сет за енергетска ефикасност во вредност од 1.923 денари (составен од мерач за електрична енергија, тајмер и метеоролошка станица).
- Наградите се доделуваат преку електронско извлекување на добитници од базата на квалификувани корисници на ЕВН Македонија.
- Наградната игра започнува на 23 март и трае до 20 јуни 2016 година.

## ЧЛЕН 4: ТЕРИТОРИЈА

- Наградната игра се организира и спроведува на територија на Република Македонија.

## ЧЛЕН 5: РЕКЛАМИРАЊЕ

- Наградната игра ќе се рекламира во печатените, електронските (телевизија, радио и интернет) и други медиуми.

## ЧЛЕН 6: НАГРАДЕН ФОНД

- Наградната игра располага со следниот фонд на награди (вкупно 288):
- 12 х вредносни ваучери од Нептун Македонија за апарати за домаќинство во вредност од 100.000 ден. со вклучен ДВВ
- 36 х вредносни ваучери од Нептун Македонија за апарати за домаќинство во вредност од 30.000 ден. со вклучен ДВВ
- 240 х Сетови за енергетска ефикасност во вредност од 1.923 ден. со вклучен ДДВ (мерач за електрична енергија, тајмер, метеоролошка станица).
- Во секое коло ќе бидат извлечени по 24 награди (1 х ваучер од 100.000 ден.со ДДВ; 3 х ваучери од 30.000 денари со ДДВ; 20 х сетови за енергетска ефикасност во вредност од 1.923 ден. со ДДВ).
- Едно лице може да биде добитник само на една награда.
- Вкупниот максимален награден фонд за целото траење на наградната игра (12 кола) изнесува 2.741.551,20 денари.

| Вид на награди | Кол. | Единечна цена без ДДВ | Вкупно без ДДВ | ДДВ 18% | ВКУПНО со ДДВ |
|---|---|---|---|---|---|
| **Прва категорија:** | | | | | |
| Ваучер од Нептун Македонија за апарати за домаќинство во вредност од 100.000 ден. со ДДВ | 12 | 84,745.76 | 1,016,949.15 | 183,050.85 | 1,200,000.00 |
| **Втора категорија:** | | | | | |
| Ваучер од Нептун Македонија за апарати за домаќинство во вредност од 30.000 ден. со ДДВ | 36 | 25,423.73 | 915,254.24 | 164,745.76 | 1,080,000.00 |
| **Трета категорија:** | | | | | |
| Сет за енергетска ефикасност (мерач за електрична енергија, тајмер, термометар). | 240 | 1,629.77 | 391,145.08 | 70,406.12 | 461,551.20 |
| **ВКУПНО** | **288** | | | | **2,741,551.20** |

## ЧЛЕН 7: УСЛОВИ ЗА УЧЕСТВО ВО НАГРАДНАТА ИГРА

- Во наградната игра право на учество имаат само потрошувачи на ЕВН Македонија од категорија Домаќинства и Мали бизнис корисници, кои:
- Имаат доставено лични податоци (име и презиме, адреса и матичен број) до ЕВН Македонија
- Во наградната игра забрана за учество имаат лицата кои за времетраењето на наградната игра се вработени кај приредувачот на наградната игра (Публицис Скопје ДОО) или Нарачателот (ЕВН Македонија) и членовите на нивните потесни семејства.
- Правилата на наградната игра, начинот и условите за учество во наградната игра, како и нејзиното времетраење, приредувачот ќе ги објави преку платен оглас во печатениот медиум Дневник, како и на официјалната веб-страница на ЕВН Македонија www.evn.mk, пред започнување на наградната игра, по добивањето на согласност од страна на Министерството за финансии.

## ЧЛЕН 8. ИЗВЛЕКУВАЊЕ НА ДОБИТНИЦИ ВО НАГРАДНАТА ИГРА

- Добитниците во наградната игра ќе се извлекуваат по електронски пат преку компјутерска селекција од база на квалификувани корисници. Во извлекувањето на добитниците нема да влијае човечки фактор.
- Извлекувањата ќе се вршат во 12 кола, секој вторник во 14 часот почнувајќи од 29 март 2016 (29.03, 05.04, 12.04, 19.04, 26.04, 03.05, 10.05, 17.05, 24.05, 31.05, 07.06, 14,06).
- Извлекувањата на наградите, ќе се одржуваат во просториите на МОЗАИК продукција, со адреса на ул. Трета Македонска бригада (во кругот на фабриката Раде Кончар), 1000 Скопје.
- Базата на квалификувани корисници ќе биде составена од корисници на ЕВН Македонија кои:
- се од категоријата домаќинства или мали бизнис корисници
- имаат доставено личен податок до ЕВН Македонија (име и презиме, адреса и матичен број) по било каков канал.
- За време на наградната игра корисниците ќе имаат можност да ги ажурираат своите лични податоци со валидни преку повеќе канали:
- со пополнување на формулар за ажурирање на личните податоци достапен во било кој наплатен пункт или КЕЦ (Кориснички енерго центар) на ЕВН Македонија
- формуларот за ажурирање на податоците ќе биде дополнително пратен до сите корисници на ЕВН Македонија со фактурите за електрична енергија пред почетокот на наградната игра
- Базата на квалификувани корисници ќе биде ажурирана најмногу 3 а најмалку 1 ден пред секое извлекување.
- Во секое коло ќе бидат извлечени по 24 награди (1 х ваучер од 100.000 ден.со ДДВ; 3 х ваучери од 30.000 денари со ДДВ; 20 х сетови за енергетска ефикасност во вредност од 1.923 ден. со ДДВ).
- Извлекувањето на наградите ќе се изврши во присуство на комисија составена од 3 члена, назначена од страна на Организаторот.
- Членови на жири комисијата ќе бидат:

1. Претставник од ЕВН Македонија
2. Претставник од Публицис ДОО Скопје
3. НОТАР

## ЧЛЕН 9. ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД НАГРАДНАТА ИГРА

- Добитниците на награди од секое коло ќе бидат објавени во рок од 3 дена од извлекувањето на интернет страницата www.evn.mk.
- Добитниците од секое коло ќе бидат објавени и во рамки на емисијата „На гости кај...“ која ќе се емитува на првиот канал на МРТ, секој понеделник (од 04.04. до 20.06.2016 година) во 20:30 часот.

## ЧЛЕН 10. ДОДЕЛУВАЊЕ НА НАГРАДИТЕ

- Наградите ќе бидат доделени не подолго од 60 дена од завршувањето на секое од извлекувањата од наградната игра.
- По истекот на 60-те дена Организаторот нема никаква одговорност околу наградите.
- Добитниците не може да ги заменат своите награди за паричен износ еднаков на нивната вредност, ниту пак за кој било друг предмет.
- Добитниците на награди од прва и втора катергорија (вредносни ваучери) истите ќе може да ги подигнат од седиштето на Публицис ДОО Скопје, на адреса Франклин Рузвелт 37/3, 1000 Скопје, добитниците на трета награда – енергетски сет, ќе може да ги подигнуваат своите награди во најблискиот Кориснички Енерго Центар (КЕЦ) на ЕВН Македонија (согласно во кој КЕЦ припаѓаат).
- Добитниците на вредносните ваучери во наградната игра, истите ќе можат да ги искористат во било кој малопродажен објект на Нептун Македонија единствено како средство за купување на производи од асортиманот на малопродажната мрежа на Нептун Македонија.
- Рокот за искористување на ваучерите е 90 дена од денот на излекувањето и ќе биде означен на секој поединечен ваучер.
- По изминување на рокот на важност на ваучерот, добитникот нема право на реализација на истиот.
- Ваучерот во ниту еден случај не може да биде заменет за пари.
- Секој ваучер може да биде искористен само за една купопродажба.
- Доколку имателот на ваучер сака истиот да го искористи за купување производ (и) чија цена ја надминува неговата вредност, Продавачот ќе му го овозможи истото, со што разликата во цена ќе биде доплатена од имателот на ваучерот.
- Доколку имателот на ваучер сака истиот да го искористи за купување производ (и) чија цена не ја достигнува неговата вредност, Продавачот ќе му го овозможи истото, со што имателот нема право на враќање на разликата во цена, во готово.

## ЧЛЕН 11. УСЛОВИ ЗА ПОДИГНУВАЊЕ НА НАГРАДИТЕ

- Добитниците ќе се селектираат и идентификуваат според нивниот единствен кориснички број во ЕВН Македонија, 9 (девет) цифрена шифра.
- Добитникот го потврдува своето учество со приложување на сметка /фактура за електрична енергија во која е наведен неговиот единствен кориснички број во ЕВН Македонија, 9 (девет) цифрена шифра.
- За да ги подигнат наградите, добитниците ќе треба да се идентификуваат со важечки лични документи дека се корисници на извлечениот кориснички број и да приложат сметки за електрична енергија во кои е видлив соодветниот кориснички број.
- Доколку добитникот од која било причина не е во можност да ја подигне наградата, може да назначи лице кое ќе го стори тоа во негово име, со приложување на потребните документи за идентификација на добитникот (важечки лични докумнети, фактури од ЕВН Македонија во кои и наведен соодветниот кориснички број).
- Ако добитникот го откаже подигнувањето на наградата од која било причина, должен е за истото да го извести Организаторот.

## ЧЛЕН 12. ПРАВО НА ПРИГОВОР

- Секој има право да поднесе приговор за текот на наградната игра до организаторот во рок од пет (5) дена од објавување на резултатите за секое коло, а организаторот ќе одговори на приговорот во рок од 3 дена од денот на поднесувањето на истиот.

## ЧЛЕН 13. ГРЕШКИ

- Во случај на печатни грешки во рекламните материјали Организаторот нема да се смета за одговорен.

## ЧЛЕН 14. ОДГОВОРНОСТ

- Целокупниот награден фонд ќе биде обезбеден од страна на Организаторот (Публицис ДОО Скопје), а во име на Нарачателот (ЕВН Македонија).
- Организаторот ќе биде одговорен до целосна реализација на наградите, односно до подигнувањето на наградите или најдоцна по 90 дена од денот на објавувањето на добитниците од последното коло.
- Со плаќањето на персоналниот данок и преземањето на наградите, престануваат понатамошните обврски на Организаторот на наградната игра спрема добитниците.
- Организаторот нема никаква одговорност која може да произлезе од користењето на наградите, како и плаќање на штети или тужби кои на некаков начин се поврзани со користењето на наградата.

## ЧЛЕН 15. ПРЕКИНУВАЊЕ НА НАГРАДНАТА ИГРА

- Наградната игра може да биде прекината во случај на виша сила, вклучувајќи ја неможноста на Организаторот да ја изведе наградната игра поради причини независни од неговата волја. Во овој случај, Организаторот треба да ги информира потрошувачите за прекинувањето на наградната игра, за причините за прекинувањето и за датумот на прекин преку соопштение во медиумите.

## ЧЛЕН 16. ПОТЕНЦИЈАЛНИ СПОРОВИ

- Во случај на спор помеѓу Организаторот и учесниците на наградната игра, надлежни се соодветните судови во Скопје.

## ЧЛЕН 17. ЗАДОЛЖИТЕЛНИ ПРАВИЛА

- Сите учесници се обврзани со правилата на наградната игра. Сите заинтересирани можат да добијат копија од правилата на наградната игра на свој трошок од канцелариите на Публицис ДОО Скопје.
- За дополнителни информации корисниците можат да се јават на телефонскиот број 02 3297-670 во Публицис ДОО Скопје, секој работен ден од 09:30 до 16:30 часот, во периодот од 23-ти март до 20-ти јуни 2016 година.
- Правилата на наградната игра со цел запознавање на потенцијалните учесници на истата, ќе бидат објавени јавно во дневниот весник “Дневник”, пред почетокот на наградната игра и на интернет страницата на ЕВН Македонија, а по добивање на согласност од Министерство за финансии на РМ.\

Организатор

Публицис ДОО Скопје